Јавно Комунално Претпријатие
БРЕГАЛНИЦА ПО
Бр. 0202-283/2
20.09.2022 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на одредбите од член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги (Сл.весник на Р.М бр. 63/2017), член 19 од Законот за јавни претпријатија, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги (Сл.весник на Р.М бр. 7/2016), Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Брегалница-Делчево за регулиран период 2022-2024 година под бр. УП1.бр. 08-84/21 од 26.07.2021 година и член 15 од Статутот на ЈКП Брегалница-Делчево, Управниот Одбор на ЈКП Брегалница-Делчево на седницата одржана на ден 20.09.2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Брегалница-Делчево за регулиран период 2022-2024 година

**Член 1**

Се утврдува тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Брегалница-Делчево за **домаќинствата** за регулиран период 2022-2024 година, и тоа:

-За **2022** година тарифата изнесува **13.09 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2023** година тарифата изнесува **13.82 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2024** година тарифата изнесува **14.06 денари/м3** (без ДДВ)

**Член 2**

Се утврдува тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Брегалница-Делчево за **правни лица** за регулиран период 2022-2024 година, и тоа:

-За **2022** година тарифата изнесува **22.64 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2023** година тарифата изнесува **23.09 денари/м3** (без ДДВ)
-За **2024** година тарифата изнесува **22.92 денари/м3** (без ДДВ)

**Член 3**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на Управниот Одбор на ЈКП Брегалница-Делчво број 0202-315/3 од 28.09.2021 год.

**Член 4**

Оваа одлука ќе влезе во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на Општина Делчево.

Управен Одбор
на ЈКП Брегалница-Делчево
Претседател
Владимир Мерзликин

Јавно Комунално Претпријатие БРЕГАЛНИЦА ПО Делчево